КБ
ПРВО
ПЕНЗИСКО
ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

# Октомври **2021**




# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е
Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
**www.mapas.mk** **02/3224-229**

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Позитивните квартални деловни резултати на повеќето од глобалните компании, доведоа до враќање на оптимизмот и значителен раст на акциските индекси во текот на месец октомври. Глобалниот индекс MSCI ACWI во текот на месецот се зголеми за 5,03%, а при тоа најголем раст имаа американските акции (мерени преку S&P 500 индексот) и акциите на европските компании (мерени преку STOXX 600 индексот). Од почеток на годината најголем раст имаат американските акции со раст од 22,61%, како и акциите на европските компании (мерени преку STOXX 600 индексот) со раст од 19,17%, додека вредноста на индексот на акциите од земјите во развој во истиот период се намали за 2,05%.




MSCI ASIA - PACIFIC - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 14 земји од регионот Азија-Пацифик

MSCI EMERGING MARKET - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 26 земји во развој

STOXX 600 - Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)

S&P 500 - Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација

MSCI ACWI - Светски индекс на акции кои ги следи цените на акциите во 49 држави

*Извор: Блумберг*


**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Овој месец вредноста на МБИ 10 индексот ја зголеми вредност за 5,31%, со што растот од почетокот на годината изнесува 27,52%. Во текот на месецот, најголем раст на вредноста имаа акциите на Стопанска Банка Битола и НЛБ Банка со раст од 16,33% и 9,95% соодветно.
Од почеток на годината сите акции во индексот имаат раст. Најголем раст од почеток на годината имаат акциите на НЛБ Банка  и Комерцијална Банка со раст од 55,29% и 47,17% соодветно.






*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Континуираното зголемување на стапките на инфлација го зголеми стравот за промена на политиката на ниски каматни стапки, што доведе до раст на приносите на државните обврзници од почетокот на годината. На крајот на месец октомври, највисок принос од анализираните обврзници имаа македонската и американската со принос од 1,68% и 1,57% соодветно, додека германската десетгодишна обврзница има најнизок принос од -0,11%.






**Приносот се однесува на евро обврзница со датум на доспевање со 06/03/2026*

*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во текот на месец октомври повеќето од анализираните валути ја зголемија својата вредност во однос на еврото. Најголем раст во однос на еврото имаа австралиски долар (AUD) и руската рубља (RUB) со раст од 4,23% и 2,52% соодветно. Од почеток на годината, освен јапонскиот јен (JPY) чија вредноста се намали за 4,27%, сите анализирани валути имаат раст во однос на еврото. Најголем раст имаат руска рубља (RUB) со раст од 9,91% и кинескиот јуан (CNY) со раст од 8,11%.

Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)




*Извор: Блумберг*